Јавна установа Национален парк Шар Планина
Република Северна Македонија

Institucioni publik Parku kombëtar Mali Sharr
Republika e Maqedonisë së Veriut

Јавна Установа НАЦИОНАЛЕН ПАРК ШАР ПЛАНИНА
Република Северна Македонија, Тетово
Institucioni Publik PARKU KOMBËTAR MALI SHARR,
Republika e Maqedonisë së Veriut, Tetovë
Бр./Nr. 0302-368/1
26.04. 2023 год./viti
ТЕТОВО - TETOVË

Врз основа на член 10, став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) и член 15 од Статутот на Ј.У.Н.П. Шар Планина, Република Северна Македонија, в.д. Директорот на ден 26.04.2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за општа забрана за движење со моторни возила надвор од дозволени патишта на територијата на Национален парк „Шар Планина"

### Член 1

Со ова Одлука се наредува мерката забрана на движење со моторни возила во природата освен во населени места и на сите видови патишта, уредени патеки и полигони за возење.

### Член 2

Мерката од членот 1 од оваа Одлука се воспоставува заради спречување на деградација на природата на територијата на Национален парк „Шар Планина".

### Член 3

Забраната важи за неопределен временски период.

### Член 4

Забраната од членот 1 на ова Одлука не се применува во случаи на: извршување на земјоделски, шумско-стопански, научни, стручни, конзервациски или други дозволени дејности, кога е тоа во согласност со Законот за заштита на природата и со одобрување од Управата на институцијата.

### Член 5

Патиштата по кои е дозволено и забрането движењето се претставени на карта, која е подготвена во согласност со Планот за управување со Националниот парк и Законот за заштита на природата, прикажана во Анекс 1, која е составен дел на ова Одлука.

### Член 6

Забраната ќе се спроведува под надзор и контрола од чуварската служба на Ј.У.Н.П.Шар Планина, Република Северна Македонија.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**Образложение**

Согласно член 10 став 1 од Законот за заштита на природата, движење со моторни возила во природата освен во населени места и на сите видови патишта, уредени патеки и полигони за возење, е забрането, а заради спречување на деградација на природата.

Моторните возила директно влијаат на земјоделските области, биоразновидноста и водните системи, што резултира со загуба на биолошката разновидност и нарушување на еколошката рамнотежа.

Националниот парк е дефиниран како особено заштитено подрачје со високи природни, културни и еколошки вредности, така што забраната на движење со моторни возила не само што ќе ја заштити целокупната биоразновидност и екосистемите во паркот, туку и ќе создаде услови за мирно и безбедно искуство за посетителите.

Согласно Законот за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21), Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија е должна на територијата на Националниот парк Шар Планина да ја спроведува заштитата на природното наследство. Целта на воспоставување на оваа мерка е спречување деградација на природата на територијата на Национален парк „Шар Планина". Воедно преку ова мерка се овозможува мир на дивите животни, заштита на природата и ресурсите во приватна сопственост како и уживање на љубителите на природата во Национален парк Шар Планина.

Согласно претходно наведеното, како и нашите одговорности кон општеството и потребата да ја заштитиме природата и незаменливите ресурси на Националниот парк Шар Планина се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Ј.У.Н.П. „Шар Планина",

Република Северна Македонија

в.д. Директор

Ибрахим Дехари

**Анекс 1**


КАРТА НА ПАТИШТА
ПО КОИ Е ДОЗВОЛЕНО И ЗАБРАНЕТО
ДВИЖЕЊЕ СО МОТОРНИ ВОЗИЛА
HARTË E RRUGËVE
NË TË CILAT ËSHTË E LEJUAR DHE E NDALUAR
LËVIZJA ME MJETE MOTORIKE
ROAD MAP
OF ALLOWED AND PROHIBITED ROADS
FOR MOTOR VEHICLES
Tetovo
Gostivar
ЗОНИРАЊЕ
ZONIMI
ZONING
ГРАНИЦИ НА ПАРКОТ
KUFIJTË E PARKUT
PARK BOUNDARIES
ЗОНА НА СТРОГА ЗАШТИТА
ZONA E MBROJTJES STRIKTE
STRICT PROTECTION ZONE
ЗОНА НА АКТИВНО УПРАВУВАЊЕ
ZONA E MENAXHIMIT AKTIV
ACTIVE MANAGEMENT ZONE
ЗОНА НА ОДРЖЛИВО КОРИСТЕЊЕ
ZONA E PËRDORIMIT TË QËNDRUESHËM
SUSTAINABLE USE ZONE
ЗАШТИТЕН ПОЈАС
RRIPI MBROJTËS
BUFFER ZONE
1:50.000
0 1km 2km 3km 4km
UTM 34N
ЛЕГЕНДА
LEGJENDA
LEGEND
Магистрален пат | Rrugë magjistrale | Main road
Регионален пат | Rrugë rajonale | Regional road
Локален асфалтен пат | Rrugë lokale e asfaltuar | Local asphalt road
Земјан пат по кој е ДОЗВОЛЕНО движење на секаков вид моторни возила
Rrugë tokësore përgjatë së cilës është e LEJUAR lëvizja e të gjitha llojeve të mjeteve motorike
Dirt road on which the movement of all types of motor vehicles is ALLOWED
Земјан пат по кој е ЗАБРАНЕТО движење на секаков вид моторни возила
Rrugë tokësore përgjatë së cilës është e NDALUAR lëvizja e të gjitha llojeve të mjeteve motorike
A dirt road on which the movement of any type of motor vehicle is PROHIBITED